## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 31 август 2023 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења во платниот биланс[1] во вториот квартал од 2023 година

Во вториот квартал од 2023 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 116,9 милиони евра, како резултат на дефицитот во размената на стоки и кај салдото на примарниот доход. Кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи врз основа на заеми, директни инвестиции и трговски кредити, а нето-одливи врз основа на валути и депозити и портфолио-инвестиции.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија
(во милиони евра)

| | тековна година | | | претходна година | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2023 | Кв.2 2023 | **Кв.1-Кв.2 2023** | Кв.1 2022 | Кв.2 2022 | **Кв.1-Кв.2 2022** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **105.0** | **-116.9** | **-11.9** | **-388.8** | **-234.0** | **-622.8** | **-221.9** | ...* | **117.1** | -50.1 | **610.9** | -98.1 |
| Стоки | **-601.0** | **-591.0** | **-1,192.1** | **-850.3** | **-899.4** | **-1,749.6** | **10.0** | -1.7 | **308.3** | -34.3 | **557.5** | -31.9 |
| Услуги | **253.4** | **14.1** | **267.4** | **169.6** | **162.3** | **331.9** | **-239.3** | -94.4 | **-148.3** | -91.3 | **-64.5** | -19.4 |
| Примарен доход | **-173.0** | **-176.8** | **-349.8** | **-138.7** | **-136.9** | **-275.5** | **-3.7** | 2.2 | **-39.9** | 29.1 | **-74.3** | 27.0 |
| Секундарен доход | **625.7** | **636.9** | **1,262.5** | **430.5** | **639.9** | **1,070.4** | **11.2** | 1.8 | **-3.0** | -0.5 | **192.1** | 17.9 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **-0.5** | **-0.2** | **0.2** | **-0.6** | **-0.4** | **-0.8** | | **0.1** | | **0.2** | |
| **Финансиска сметка** | **104.6** | **-100.3** | **4.3** | **-386.8** | **-207.6** | **-594.4** | **-205.0** | | **107.2** | | **598.7** | |
| *Позначајни компоненти:* | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции | **-131.4** | **-105.3** | **-236.7** | **-111.7** | **-137.7** | **-249.3** | **26.2** | | **32.4** | | **12.7** | |
| Нето-стекнување средства | **213.5** | **137.9** | **351.4** | **394.2** | **-0.4** | **393.8** | **-75.6** | | **138.3** | | **-42.4** | |
| *Сопственички капитал* | **15.2** | **22.1** | **37.3** | **7.6** | **16.6** | **24.3** | **6.9** | | **5.5** | | **13.1** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3.0** | **0.7** | **3.7** | **2.6** | **0.9** | **3.5** | **-2.4** | | **-0.2** | | **0.2** | |
| *Должнички инструменти* | **195.3** | **115.1** | **310.4** | **384.0** | **-17.9** | **366.1** | **-80.2** | | **133.1** | | **-55.7** | |
| Нето-создавање обврски | **344.9** | **243.1** | **588.1** | **505.9** | **137.3** | **643.2** | **-101.8** | | **105.9** | | **-55.1** | |
| *Сопственички капитал* | **49.8** | **68.4** | **118.2** | **13.9** | **68.6** | **82.5** | **18.6** | | **-0.2** | | **35.6** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **124.7** | **66.1** | **190.8** | **84.2** | **67.2** | **151.4** | **-58.7** | | **-1.1** | | **39.5** | |
| *Должнички инструменти* | **170.4** | **108.6** | **279.0** | **407.8** | **1.5** | **409.3** | **-61.8** | | **107.2** | | **-130.2** | |
| Портфолио-инвестиции | **-438.5** | **20.2** | **-418.4** | **26.4** | **69.1** | **95.5** | **458.7** | | **-48.9** | | **-513.8** | |
| Валути и депозити | **124.0** | **120.6** | **244.6** | **24.3** | **118.5** | **142.8** | **-3.5** | | **2.1** | | **101.8** | |
| Заеми | **163.8** | **-174.9** | **-11.1** | **53.5** | **-34.9** | **18.6** | **-338.7** | | **-140.0** | | **-29.7** | |
| Трговски кредити | **115.7** | **-12.5** | **103.3** | **-5.1** | **-86.1** | **-91.2** | **-128.2** | | **73.7** | | **194.5** | |
| Девизни резерви | **266.7** | **52.3** | **319.0** | **-373.5** | **-132.7** | **-506.2** | **-214.4** | | **185.0** | | **825.2** | |

...* процентуалната промена е над 100

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Во вториот квартал од 2023 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит кај стоковната размена (591 милион евра) и кај примарниот доход (176,8 милиони евра), наспроти суфицитот кај салдото на секундарниот доход и размената на услуги (636,9 и 14,1 милион евра, соодветно).

---

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

Квартална промена во салдото на тековната сметка во вториот квартал, главно е одраз на влошувањето на подбилансот на услугите (за 239,3 милиони евра)[2] и во помала мерка кај подбилансот на примарниот доход (за 3,7 милиони евра), наспроти подобрите остварувања кај секундарниот доход (за 11,2 милиона евра) и кај стоковната размена (за 10 милиони евра).

Во споредба со истиот квартал од минатата година, дефицитот на тековната сметка бележи намалување за 117,1 милион евра, во целост како резултат на намалениот дефицит кај стоковната размена (за 308,3 милиони евра). Размената на услуги и примарниот доход бележат влошување за 148,3 милиони евра и 39,9 милиони евра, соодветно, додека кај секундарниот доход нема позначителна промена.







Извор: НБРСМ.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезидентите, во вториот квартал од 2023 година, се остварени нето-приливи од 100,3 милиони евра. Анализирано по категории, нето-приливи бележат заемите (174,9 милиони евра), директните инвестиции (105,3 милиони евра) и трговските кредити (12,5 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај валутите и депозитите (120,6 милиони евра) и портфолио-инвестициите (20,2 милиона евра).

Кај директните инвестиции се остварени нето-приливи од 105,3 милиони евра. Анализирано по компоненти, нето-приливи се остварени кај реинвестираната добивка (65,4 милиони евра) и сопственичкиот капитал (46,3 милиони евра), додека кај меѓукомпанискиот долг се

[2] Исплати врз основа на услуги за јавни инфраструктурни проекти.

забележани нето-одливи (6,5 милиони евра). Од почетокот на годината заклучно со јуни, врз основа на директни инвестиции се остварени нето-приливи во износ од 236,7 милиони евра, што во споредба со истиот период од минатата година претставува умерено намалување за 12,7 милиони евра.

Во вториот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 20,2 милиона евра, како резултат на зголемените побарувања од вложувањата на резидентите во странски хартии од вредност, како и поради отплатата на камата врз основа на претходно издадени еврообврзници, а во помал дел и од реоткупот на домашните еврообврзници од страна на резиденти.

Нето-обврските врз основа на заеми се зголемени за 174,9 милиони евра и главно произлегуваат од нето-приливите кај централната банка[3] (147,6 милиони евра) и останатите сектори[4] (42,3 милион евра), наспроти нето-одливите кај секторот „држава“ (за 13,8 милиони евра) и кај секторот „останати депозитни институции“ (1,2 милиона евра).

Во првата половина од годината, нето-приливите од портфолио-инвестиции (418,4 милиони евра), директни инвестиции (236,7 милиони евра) и од заеми (11,1 милион евра) ги надминаа нето-одливите врз основа на валути и депозити (244,6 милиони евра) и трговски кредити (103,3 милиони евра), што овозможи целосно финансирање на дефицитот на тековната сметка и зголемување на девизните резерви за 319 милиони евра.







Извор: НБРСМ.

3 Активности на Народната банка за управување со девизните резерви.
[4] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

## *Ревизии на податоците*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – март 2023 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, ревизијата на податоците придонесе за намалување на суфицитот во тековната сметка за 17,6 милиони евра, главно како резултат на ревизијата во подбилансот на примарниот доход (зголемен дефицит за 18,6 милиони евра) и стоковната размена (зголемен дефицит за 2,2 милиона евра), наспроти зголемувањето на суфицитот кај секундарниот доход (1,7 милиони евра) и во размената на услуги (за 1,5 милиони евра).

Кај финансиската сметка ревизијата доведе до поголеми нето-обврски за 23,9 милиони евра, главно како резултат на зголемувањето на нето-обврските кај директните инвестиции (за 17,7 милиони евра).

Поради ревизијата на податоците дојде до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – март 2023 година за 6,3 милиони евра.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 30 ноември 2023 (референтен период, заклучно со септември 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).